**Република Северна Македонија**
**Основен суд Дебар**
**Су -04 бр.57/21-9**
**16.02.2022 година**
**Дебар**

Претседателот на Основниот суд Дебар, Мерсим Марку, врз основа на чл. 43 од Законот за судска служба ( Сл. весник број 43/14 од 04.03.2018 година , бр. 198/18 од 31.10.2018 година),по објавен оглас бр 1/21 на Основниот суд Дебар, а по спроведената постапка за унапредување на судски службеник во звање Советник информатичар, категорија В ниво В1, еден извршител, на ден 16.02.2022 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**За унапредување на судски службеник**

Претседателот на Основниот суд Дебар, врз основа на Предлог одлуката на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник, Су - 04 бр.57/21-8 од 15.02.2022 година и Конечната ранг листа Су-04 бр.57/21-3 од 15.02.2022 година, доставени од страна на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник во Основниот суд Дебар за работно место со звање Советник информатичар , Категорија В, ниво В1, еден извршител , **ГО УНАПРЕДУВА** кандидатот,

**ПАТРИОТ ПАПРАНИКУ**

По конечноста на оваа одлука за избраниот кандидат ќе биде донесено Решение за унапредување од звање Соработник информатичар, Категорија В, ниво В3, во звање Советник информатичар , Категорија В ниво В1 и Решение за утврдување на плата.

**О б р а з л о ж е н и е**

Основниот суд Дебар, на Веб страната на Основниот суд Дебар, објави Интерен Оглас за унапредување на судски службеник, со звање Советник информатичар, Категорија В, ниво В1, под број 1/21 од 24.12.2021 година.

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник, до Претседателот на Основниот суд Дебар, по спроведувањето на постапката за вработување, согласно член 42 ст. 6 од Законот за судска служба, беше доставена Конечната ранг листа Су-04 бр.57/21-3 од 15.02.2022 година од постапката за вработување и Предлог одлуката на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник, Су - 04 бр.57/21-8 од 15.02.2021 година, за работното место Советник информатичар, Категорија В, ниво В1, еден извршител.

Со предлогот, Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник, на Претседателот на судот, согласно член 42 ст.6 ЗСС , му го предложи кандидат за

работното место , Категорија В, ниво В1, еден извршител, и тоа кандидатот Патриот Папранику.

Претседателот на судот, имајќи ги во предвид Конечната ранг листа и Предлог одлуката доставени од Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник при Основниот суд Дебар, а постапувајќи согласно чл. 43 од Законот за судска служба го изврши следниот избор: За работното место Судски советник, Категорија В, ниво В1,еден извршител во Основниот суд Дебар, го избира кандидатот Патриот Папранику.

При изборот на кандидатот Претседателот на судот ја имаше предвид Конечната листа и предлогот од Комисијата за унапредување на судски службеник, врз основа на што ја донесе оваа одлука.

**Основниот суд Дебар, Су.о4 бр.57/21-9 од 16.02.2022 година.**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,**
**MERSIM MARKU с.р.**

**Правна поука**:

Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на известувањето за извршениот избор до Советот на судска служба Скопје.

Жалбата се доставува преку Основен суд Дебар.

Д-на: кандидатот